МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Врз основа на член 38, 49 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ" бр.32/20), Градоначалникот на Општина Аеродром - Скопје го дава следното:

## СООПШТЕНИЕ

Се известуваат сите физички и правни лица од просторот опфатен со Детален урбанистички план за градска четврт СИ12 блок 12.02, Општина Гази Баба, Општина Аеродром - Скопје дека Градоначалникот на Општина Аеродром - Скопје донесе Одлука за спроведување на:

## ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА

**по Нацрт на ДУП за градска четврт СИ12 блок 12.02, Општина Гази Баба, Општина Аеродром**

Границата на блокот е оформена по оски на планирана улична мрежа и по граница на корито на река Вардар, односно:
- Североисток – сервисни улици „С1", „С2" и „С3"
- Југ и југоисток - граница на регулација на корито на река Вардар согласно ГУП на град Скопје;
- Запад - северозапад - оска на градска магистрална улица „Пролетна офанзива".

Површината на Блок 12.02 во рамки на регулационите линии дефинирани со Регулациски план на ГУП на Град Скопје за четврт СИ12 изнесува 18,02 ха.
Површината во границите на планскиот опфат изнесува 24,65 ха.

Нацрт ДУП за градска четврт СИ12 блок 12.02, Општина Гази Баба, Општина Аеродром - Скопје, плански период 2021-2026, ќе биде изложен во просториите на Месната заедница Долно Лисиче (ул. ,,20 бб'') секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот, 27.11.2023 (понеделник) до 26.12.2023 (вторник).

Јавна презентација на Нацрт ДУП за градска четврт СИ12 блок 12.02, Општина Гази Баба, Општина Аеродром - Скопје ќе се одржи во просториите на Месната заедница Долно Лисиче (ул. ,,20 бб'') на ден 29.11.2023 год. (среда) во 17:00 часот.

Анкетните листови за учество во Јавната анкета ќе се наоѓаат во просториите на Месната заедница Долно Лисиче (ул. ,,20 бб''), Општина Аеродром, Скопје. Во определениот рок заинтересираните правни лица и физички лица можат да доставаат забелешки и предлози по Нацрт на планот, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

**Изработил:**
Страшко Хаџи Коцев, д.и.а

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и заштита и унапредување на животната средина
Бр. 18-2375/8
09-11-2023 год.
СКОПЈЕ

**По овластување од градоначалник**
**контролирал и одобрил:**
Иван Кокалановски, д.и.а

Дата: 09.11.2023 год.

Одделение за урбанизам и подготовка на урбанистички планови
тел. +389 (0)2 2401-529, Факс: +389 (0)2 2401 546
www.aerodrom.gov.mk